Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр. 08-185/3

15.01.2014 година

Аминта трети бр. 2,
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Согласно член 49 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12 и 164/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РЕШЕНИЕ
### за одредување на надоместокот за издавањето на легитимацијата за рекреативен риболов

1. Надоместокот за издавање на легитимацијата за рекреативен риболов за 2014 година изнесува 400, 00 денари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 08.01.2014 година примен е допис со архивски број 08-185/1 во кој е наведен предлог за висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2014 година која ја издава Македонската риболовна федерација .

Со оглед на тоа што предлогот за висината на надоместокот е усвоен и прифатен на управниот одбор на Македонската риболовна федерација согласно Статутот на федерацијата чии членки се риболовните здруженија – концесионери на риби, се одредува висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2014 година да биде предложениот износ од 400,00 денари.

МИНИСТЕР
Љупчо Димовски

Република Македонија Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Скопје

Изработил: ИБ
Согласен: АС